ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Крива Паланка 16.06.2023 год.**

**ЗАПИСНИК ОД ОДРЖАН СОСТАНОК НА ШТАБОТ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

Состанокот се одржа на ден 16.06.2023 година во 21:00 часот во Голема Сала на Општина Крива Паланка, а истиот беше свикан на иницијатива на Командантот на Штабот Изабела Павловска.

На состанокот беа присутни:

- Градоначалникот на Општина Крива Паланка **Сашко Митовски**
- Командантот на Штабот **Изабела Павловска**
- Секретар на Општина Крива Паланка **Мартин Николовски**
- Директорот на ЈП „Комуналец" **Миле Марковски**
- Раководител на подрачно одделение за заштита и спасување во Општина Крива Паланка **Митко Ангеловски**
- **Командирот на** ТППЕ Крива Паланка **Иле Коцевски**
- Директор на општински ученички дом „Боро Менков" **Бранко Тодоровски**
- Раководител подрачно одделение на центар за управување со кризи Општина Крива Паланка **Стојадин Гоговски**
- Раководител на одделение за општи и правни работи во Општина Крива Паланка **Даниела Велковска**
- Раководител на одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура во Општина Крива Паланка **Никола Граматиков**
- Раководител на одделение за човечки ресурси во Општина Крива Паланка **Игор Додевски**
- Директор на ЈЗУ Здравствен дом „Академик Проф. Д-р Димитар Арсов" - Крива Паланка **Бранко Стаменковски**
- Соработник во одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура во Општина Крива Паланка **Марјан Алексовски**

На состанокот беа пристни и лица кои не се членови на Кризниот штаб поради сериозноста од на настанатата состојба од обилните врнежи во текотна на попладневните часови затоа штабот работеше во проширен состав.

На состанокот се дискутираше по следниве точки

1. **Согледување на актуелната состојба со обилните врнежи на територијата на Општина Крива Паланка;**
2. **Согледување на актуелната состијба со надојдените води на Домачки дол и Куков дол да се следи состојбата со надојдените реки, Киселичка Река и Крива Река и да се следи состојбата на активни свлечишта на територијата на Општина Крива Паланка, како резултат на обилните врнежи,**
3. **Донесување на соодветни Заклучоци и препораки;**
4. **Разно;**

По согледување на актуелната состојба со обилните врнежи како и запознавање со ситуацијата на терени и презентирање на мерки за справување со надојдените води и појавата на свлечишта на територијата на Општина Крива Паланка од сите присутни на состанокот беа составени тимови за да се согледа состојбата во моментот на повеќе критични точки. По извршени увиди на екипите од лице место се започна со дискусија со сите тимови поединечно.

По исцрпената дискусија и дадените известувања, согледувања и предлози од страна на членовите на Штабот и другите присутни лица беа донесени следните заклучоци:

1. **СЕ ЗАКАЖУВА** нов состанок на штабпо будно следење на состојбата и дежурства и активносту на терен на задолжените служби на 17.06.2023год.
2. **СЕ ЗАДОЛЖУВААТ** ОВР Крива Паланка со дежурни екипи да ги обележат критичните точки на патните правци и да ги обезбедуват во текот на ноќта
3. СЕ ЗАДОЛЖУВАТ стручните лица,инжинери од Општина Крива Паланка заедно со стручни лица од ЈП Македонија пат да направат распоред на градежна механизација по локации
4. СЕ ЗАДОЛЖУВААТ ЈП комуналец и општинскиот инспектор да го ангажират во 8.00 на 17.06.2023 лицата за општо корисна работа,вработени цо сектор паркови и зеленило и работниците од КПУ одделение Крива Паланка за расчистување на наносите во кејот,да се рачистат јавните површини и да се изврши перење на улиците.
5. СЕ ЗАДОЛЖУВААТ службите од Општина Крива Паланка и МВР да издадат забрана за сообраќај на критицни патни правци,забрана за движење на пешачки мостови со забрана за движење на луѓе во речно корито.
6. СЕ ЗАДОЛЖУВА ЈП Национални шуми да изврши сечење на гранки и стебла во доловите и речните корита.
7. СЕ ЗАДОЛЖУВААТ службите да изготват известување до ЕВН за детекција и санација на потенцијални опасности во електричната мрежа.

8. СЕ ЗАДОЛЖУВА ОУД Боро Менков да бидат ставени на располагање сите капацитети за сместување при евентуална потреба од згрижување на семејства од загрозени објекти.

Состанокот заврши во 23.50 часот.

**Крива Паланка 16.06.2023 година**

**ОПШТИНСКИ ШТАБ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ КРИВА ПАЛАНКА**
**Командант**
**Изабела Павловска, с.р.**